Пишува:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

# SPYKER C8 AILERON





"Spyker" е производител на автомобили со спортски карактеристики во премиум спортската класа. Најновиот модел е Spyker C8 Aileron. Моторот има 400 кс и се испорачува во две верзии - со автоматски и рачен менувач. Дополнет од екстра лесната шасија, која се изработува од алуминиум, Spyker C8 Aileron достигнува максимална брзина од 300 км/ч, а за забрзувањето од 0 до 100 му се потребни само 4.5 секунди. Зголеменото меѓуоскино растојание обезбедува олеснет пристап за влегување во возилото, чии врати се отвораат нагоре. Се испорачува во 14 различни бои, но како опција постои и боја по избор на купувачот. Моќниот аудио систем, кожната внатрешност, 19- инчните тркала, GPS системот, клима уредот, композитните сопирачки со ABS систем се само дел од сериската опрема, која ја има "Spyker". Задниот дел е уникатен и потсетува на вселенските возила од научнофантастичните филмови. Предниот дел го красат новите лед фарови, кои "Spyker" специјално ги редизајнира, а екстра изглед на возилото дава и панорамскиот покрив кој заради безбедноста на патниците е поделен на два дела. Со овој модел "Spyker" покажува дека има капацитет да направи спортски автомобил.



# CORVETTE COMPETITION





"General Motors" конечно одлучи да ги засука ракавите и да примени фабрички тјунинг на својот омилен супер спортист Corvette и да им фрли ракавица в лице на тјунерите ширум светот. Станува збор за лимитирана серија наречена Corvette Competition создадена за на улица да го пренесе успехот остварен во тркачката серија Leman. Сепак, за Competition е предвиден само дизајнерски тјунинг. Тоа значи дека под хаубата работи серискиот 6.2 литарски V8, кој силата до задните тркала ја испраќа преку шестстепен мануелен менувач, како и кај обичната Corvette C6. Competition ќе се разликува по уникатните леснометални бандажи обоени темносиво, четирите издувни цевки и по задниот спојлер преземен од Corvette Z06.

## ФЛЕШ ВЕСТИ

### "ТАТА" ГИ КУПИ "JAGUAR" И "LAND ROVER"

**Индиската "Tata" потпиша договор вреден 2 милијарди долари со американскиот "Ford" за преземање на неговите луксузни марки "Jaguar" и "Land Rover", со седиште во Велика Британија. Со купувањето на "иконите" на британската автоиндустрија, "Tata" планира "на голема врата" да влезе на пазарот на луксузни и скапи автомобили. "Tata" е најголем индиски производител на автомобили и контролира половина од вкупното производство на камиони во земјата, како и 20 отсто од пазарот на патнички возила. Компанијата вложува големи напори да излезе на пазарите надвор од азискиот континент.**

### "ALFA ROMEO" СЕ ВРАЌА ВО САД

**Долго време се најавува враќањето на славниот италијански бренд на северноамериканската територија, но според последните гласини, "Alfa Romeo" дури сака да купи и фабрика и таму да ги произведува своите автомобили.**

**Според некои извори, "Alfa Romeo" планира да купи некоја фабрика на американските гиганти или, пак, да вложи во некоја од фабриките на "Case New Holland", компанија за производство на земјоделски машини, која е под капа на "Fiat". Новата фабрика би требала да почне со работа во 2011 година, а годишното производство би изнесувало 150.000 возила. План е тоа да бидат возилата Alfa 159 и Brera.**


ПЗУ СТОМАТОЛОШКА ОРДИНАЦИЈА
ДЕНТА НОВА

- пломбирање
- лечење
- вадење
- протетика
- ортодонција
- имплантологија

Њу Делхиска 4
локал 11 , Скопје
+389 75 577 600
+389 75 471 947
denta_nova@yahoo.com



SO OVOJ KUPON IMATE 20 % POPUST
ZA STOMA TOLO[KI USLUGI VO
ORDINACIJATA "DENTA NOVA "